**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА РАБОТАТА НА
ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ
ЗА 2005 ГОДИНА

Бр.01-106/1
Скопје, март 2006 година

## 1. Вовед

Основните слободи и права на човекот и граѓанинот, признати во меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Македонија, се темелна вредност на нашиот уставен поредок и истите се во согласност со определбата за почитување и унапредување на човековите права и слободи, како основа за развојот на демократијата во земјата.

Правото на заштита на личните податоци, како едно од фундаменталните слободи и права на човекот и граѓанинот позитивно-правно е уредено во член 18 од Уставот на Република Македонија, со кој се гарантира сигурноста и тајноста на личните податоци и заштитата од повреда на личниот интегритет на граѓаните што произлегува од регистрирањето на информациите за нив преку обработка на податоците.

Законот за заштита на личните податоци, донесен на 25 јануари 2005 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2005) ја утврдува правната и институционална рамка за заштита на личните податоци во Република Македонија. Законот е компатибилен и усогласен со Директивата за заштита на поединците во однос на обработката на личните податоци и на слободна циркулација на таквите податоци 95/46/ЕС од 1995 година на Европската Комисија и Советот на Европа и Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматската обработка на личните податоци бр.108 на Советот на Европа од 28.01.1981 година која Република Македонија ја има ратификувано со Закон („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2005).

Законот за заштита на личните податоци (во натамошниот текст:Законот) ја уредува обработката на личните податоци, која се врши за конкретни, јасни и со закон утврдени цели, обработката на посебните категории на податоци и Единствениот матичен број на граѓанинот (ЕМБГ), правото на субјектот на личните податоци на увид во збирките на лични податоци, промена или бришење на личните податоци доколку не се точни, односно доколку се водат незаконски или по рокот утврден за чување, постапката пред Дирекцијата за заштита на личните податоци од страна на физички лица на кои им е повредено право загарантирано со Законот, преносот на личните податоци во други држави што е условено од постоење на соодветен степен на заштита на личните податоци во државата во која се врши пренос и обврската за заштита на податоците во сите фази на преносот, водењето на евиденции за личните податоци од страна на контролорите на збирки со лични податоци и Централен регистар во Дирекцијата за заштита на личните податоци преку кој ќе се обезбедуваат информации кои физички и правни лица, државни органи или други тела водат и кои лични податоци ги водат за нив.

Во согласност со Законот, заради вршење надзор над законитоста на преземените активности при обработувањето на лични податоци и нивна заштита, на територија на Република Македонија се основа Дирекцијата за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: Дирекцијата), како самостоен и независен државен орган со својство на правно лице.

Дирекцијата е основана на 22 јуни 2005 година, кога е именуван директорот со Одлука на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/05), заради што Годишниот извештај се однесува на периодот од 22 јуни до 31 декември 2005 година.

## 2. Статус и надлежности на Дирекцијата

Дирекцијата е самостоен и независен државен орган со статус на правно лице. Ваквиот статус на Дирекцијата и обезбедува независност во однос на органите на извршната, законодавната и судската власт.

Дирекцијата во областа на заштитата на личните податоци има улога на:

1) Креатор на политиката за имплементација на заштитата на личните податоци:

-подготвува и донесува прописи (подзаконски акти) поврзани со имплементацијата на заштитата на личните податоци;

-ги објавува општите принципи на обработката на личните податоци;

2) Контролор на законитоста на обработката на личните податоци:

-ја цени законитоста на обработката на личните податоци;

-дава мислење по подзаконските акти на контролорот;

-потврдува дека подзаконските акти на контролорот се во согласност со одредбите на овој Закон;

3) Носител на надзорот над обработката на личните податоци:

-истражува и има пристап до збирките на лични податоци оформени од контролорот, по вид на субјекти и цели;

-ги контролира операциите на обработките на личните податоци што ги применуваат контролорите и собира податоци за правилно извршување на нејзините работи;

-ги проверува сите случаи на престанок на обработка на лични попдатоци, без оглед на причините кои ги предизвикале;

-издава забрана за понатамошна обработка на личните податоци на контролорот во согласност со Законот;

4) Евидентичар на податоци за збирките на лични податоци што се водат од страна на контролорите и за преносот на лични податоци во други држави:

-води Централен регистар;

-води евиденции за извршен пренос на лични податоци во други држави;

5) Заштитник за правата од областа на заштитата на личните податоци за физичките лица:

-постапува по барања и претставки на физички лица во врска со повреда на нивните права во поглед на обработката на личните податоци;

-се грижи за почитување на принципите на обработка на личните податоци;

6) Репрезент на Република Македонија во областа на заштита на личните податоци во меѓународната соработка и комуникации:

-постапува по барањата на надзорен орган на друга држава за спроведување на неговите надлежности на територија на Република Македонија;

-остварува меѓународна соработка во областа на заштитата на личните податоци и учествува во работата на меѓународни организации и институции за заштитата на личните податоци;

Со Дирекцијата раководи директор, кој го именува и разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија, за време од пет години, со право повторно да биде именуван, но не повеќе од двапати.

Директорот има заменик кој го именува и разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија, за време од пет години.

## 3. Реализирани активности (22 јуни-31 декември 2005 година)

### 3.1 Донесување на актите за организација и систематизација на работните места на Дирекцијата

Директорот на Дирекцијата во законски утврдениот рок од 30 дена ги донесе Правилникот за организација на работата и Правилникот за систематизација на работните места на Дирекцијата. Согласно овие акти, Дирекцијата ќе ги остварува своите надлежности, организирана во три сектори и седум одделенија, со вкупно 30 вработени. За разгледување на стручни прашања од делокругот на Дирекцијата ќе се основа Стручен колегиум, што ќе го сочинуваат директорот, заменикот на директорот, државниот советник и раководителите на секторите. [1]

### 3.2 Донесување на подзаконските акти на Дирекцијата

Директорот, во законски утврдениот рок од шест месеци, на 19.12.2005 година ги донесе подзаконските акти[2] кои произлегуваат од Законот, и тоа:

-Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;

-Правилник за начинот на водење на евиденција и образецот за евиденција на збирките на лични податоци;

-Правилник за формата, содржината и начинот на водење на евиденција за извршен пренос на лични податоци во други држави;

-Правилник за операциите на обработка на личните податоци што претставуваат посебен ризик за слободите и правата на субјектите на лични податоци;

-Правилник за формата, содржината и начинот на водење на Централниот регистар.

Пред донесувањето и објавувањето на правилниците, беше прибавено позитивно мислење од Секретаријатот за законодавство при Владата на Република Македонија.

Донесувањето на подзаконските акти е со цел да се овозможи операционализација на: водењето на евиденциите на збирките на лични податоци, преносот на личните податоци во други држави, операциите на обработка на личните податоци што претставуваат посебен ризик за слободите и правата на субјектите на лични податоци, водењето на Централниот регистар и особено на техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

Физичките и правните лица кои вршат обработка на лични податоци се обврзани да го усогласат своето работење и своите акти со Законот и подзаконските акти најдоцна до 19.12.2007 година.[3]

[1] Графичкиот приказ на организациската структура на Дирекцијата е составен дел на овој Извештај

[2] Подзаконските акти се објавени во Службен весник на Република Македонија бр.111/05

[3] Рокот за усогласување на работењето на контролорите со Законот е две години од донесување на подзаконските акти

3.3 Соработка со органи на државната управа, други државни органи и институции

Во текот на 2005 година, Дирекцијата оствари соработка со неколку министерства, други органи на државната управа и институции од јавниот сектор, кои во согласност со Законот имаат својство на контролори (физички и правни лица кои ракуваат со збирките на лични податоци). Со оглед на потребата од поблиско запознавање на контролорите со обврските што за нив произлегуваат од Законот, Дирекцијата оцени дека е корисно одржување на работни состаноци заради презентирање на надлежностите на Дирекцијата и полесно усогласувањето на работењето на контролорите со стандардите што произлегуваат од Законот и подзаконските акти.

До крајот на 2005 година одржани се работни состаноци со контролорите кои располагаат со збирки на лични податоци со поголем обем: Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Државниот завод за статистика, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Министерството за финансии-Управа за јавни приходи, Дирекцијата за безбедност на класифицираните информации, Секретаријатот за законодавство при Владата на РМ и Фондот за осигурување на депозити. За остварените средби со горенаведените институции, Дирекцијата изготви посебни извештаи. Работните состаноци се оценети како многу корисни за натамошната соработка која е во функција на унапредување на заштитата на личните податоци.

При подготовката на подзаконските акти, беше остварена соработка со органи на државна управа и други државни органи и институции, преку работна група формирана од директорот на Дирекцијата, во која за членови беа номинирани нивни претставници, кои дадоа свои сугестии во функција на поголема транспарентност во фазата на изготвување на подзаконските акти и обезбедување на мислења при оформување на текстот на истите.

Реализирани се поголем број на консултативни состаноци, на барање на контролори, во функција на разјаснување на прашањата поврзани со давање на користење на лични податоци од контролорите на други корисници, пристап и пренос на личните податоци во текот на транзициониот период, како и давање на лични податоци за реализирање на статистички истражувања и други со закон утврдени цели.

Дадени се мислења по предлог закони во делот на заштитата на личните податоци, на барање на изготвувачите.

3.4 Меѓународна соработка

Воспоставувањето на меѓународна соработка со соодветните независни државни органи во други држави, се појави како приоритет од основањето на Дирекцијата, со цел користење на позитивните искуства при поставување на институционалната рамка на Дирекцијата.

Директорот на Дирекцијата, во август 2005 година, оствари службена посета на Агенцијата за заштита на личните податоци на Република Хрватска и Инспекторатот за заштита на личните податоци на Република Словенија, со што е започната успешна соработка. Посетата беше финансирана од ГТЗ Проектот

„Советодавни услуги во процесот на приближување на Република Македонија кон Европска Унија“ при Секретаријатот за европски прашања.

Потребата од непосредно остварување на консултации со странски колеги кои работат во областа на заштитата на личните податоци, се јави и при изработката на подзаконските акти, поради што во декември 2005 година е остварена уште една посета на Инспекторатот за заштита на личните податоци на Република Словенија. На работната средба во рамките на оваа посета, Дирекцијата ги осозна нивните искуства околу регулирањето на подзаконската материја, а во функција на остварување на конструктивна соработка, беше преведен Законот за заштита на личните податоци на Република Словенија и сродните подзаконски акти од оваа област, од словенечки на македонски јазик. Притоа, беше поддржана идејата за потпишување на меморандум за соработка меѓу двата државни органи во првата половина на 2006 година.

За формирањето на Дирекцијата за заштита на личните податоци во Република Македонија, испратени се дописи преку електронска пошта до 28 земји во Европа, Азија и Австралија, на кои 14 земји[4] одговорија, со што се оствари почетни контакти со нив, како прв чекор кон остварување на натамошна соработка.

Во функција на остварување на меѓународна соработка, креирана е посебна евиденција во која се внесени сите странски независни државни органи за заштита на личните податоци, нивните закони и подзаконски акти и други релевантни документи за нивната работа, која постојано се ажурира.

Со цел да се оствари поблиска соработка, што директно ќе се одрази и на вклученоста на Република Македонија во евроинтегративниот процес, Дирекцијата поднесе формулар за акредитација до Конференцијата на европските органи за заштита на личните податоци[5].

### 3.5 Активности поврзани со евроинтегративниот процес на РМ

Во извештајниот период, Дирекцијата континуирано ги исполнуваше и обврските што за неа произлегуват од евроинтегративниот процес на Република Македонија. Впрочем, основањето на Дирекцијата е во функција на што побрзо одвивање на тој процес.

Во овој контекст, Дирекцијата учествуваше и соработуваше со Секретаријатот за европски прашања во активностите поврзани со ажурирањето на Акцискиот план за Европско Партнерство 2005 (АПЕП), при што се детектирани сите релевантни извори од acquis communitarie потребни за усогласување на домашното со европското законодавство за подготовка на делот за заштита на личните податоци од АПЕП.

Дирекцијата учествува во работата на Поткомитетот за правда и внатрешни работи. На Вториот состанок на Поткомитетот, одржан на 07 и 08 октомври 2005 година во Скопје, посебен акцент беше ставен на фундаменталното човеково право за заштита на личните податоци. Директорот на Дирекцијата пред претставниците на Европската Комисија го презентираше основањето на Дирекцијата, како и дотогаш реализираните и планираните активности во иднина.

---

[4] Австрија, Белгија, Германија, Данска, Малта, Полска, Романија, Словенија, Хрватска, Холандија, Чешка, Шпанија, Швајцарија, Хонг Конг

[5] Пролетната Конференција на европските органи за заштита на личните податоци ќе се одржи во Будимпешта, во месец април 2006 година

Од страна на претставниците на Европската Комисија беше посочено дека прогресот кој ќе се направи во областа на заштитата на личните податоци во Република Македонија ќе биде од клучно значење за развивањето на соработката со ЕВРОПОЛ, при што истите посебно ја потенцираа потребата за кадровското екипирање на Дирекцијата, што е од суштествено значење за преземање на потребните активности за развој на оваа област .

Дирекцијата од нејзиното основање е активно вклучена во Работната група за правосудство и фундаментални права, која заедно со работни групи од другите области, учествува во изготвување на Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија.

3.6 Активности поврзани со имплементација на проекти

3.6.1 Проект "Техничка помош во основањето на Дирекцијата за заштита на личните податоци"

Од основањето, Дирекцијата беше вклучена во активностите поврзани со имплементација на Проектот "Техничка помош во основањето на Дирекцијата за заштита на личните податоци", реализиран преку Европската Агенција за реконструција, кој траеше до 15 септември 2005 година. Овој проект беше подготовка за Проектот „Техничка помош во основањето на Дирекцијата за заштита на личните податоци и спроведување на принципите на заштита на податоците во Република Македонија" чија реализација ќе започне во првата половина на 2006 година.

Во рамките на проектот, беше дадена стручна помош за подготовка на подзаконските акти од страна на странските консултанти и активно се работеше на собирање на легислатива од областа на заштита на личните податоци, релевантна за изготвувањето на предлог актите, но и за постапката на усогласување на домашното законодавство со acquis communitarie.

Од страна на консултантите беше изготвен документ – проектна задача, во кој беа предвидени условите и роковите за почнување и реализација на новиот Проект „Техничка помош во основањето на Дирекцијата за заштита на личните податоци и спроведување на принципите на заштита на податоците во Република Македонија".

3.6.2 Проект „Е-Влада"

Дирекцијата оствари соработка со Проектот "Е-Влада" поддржан и финансиран од УСАИД, при што е договорено Дирекцијата, како надлежна институција за заштита на приватноста заедно со Проектот, во сите негови фази на имплементација, да организираат работилници за контролорите од јавниот и приватниот сектор, на кои ќе учествуваат меѓународни и домашни експерти од областа на заштитата на личните податоци, како и да осмислат други форми на делување, насочени кон подигање на јавната свест и запознавање на јавноста со Проектот „Е-Влада" од аспект на заштита на личните податоци.

## 4. Услови за работа

4.1 Просторно сместување и кадровско екипирање

По основањето на Дирекцијата, преземени се активности за создавање на просторни, кадровски и технички услови за нејзино институционално оформување и ефикасно работење.

Дирекцијата привремено е сместена во деловна просторија во Градскиот трговски центар, што ниту од далеку не ги задоволува потребите на независен државен орган со надлежностите утврдени со Законот.

Кадровско екипирање на Дирекцијата, беше условено со претходно решавање на статусот на идните вработени.

Со Законот за измени и дополнувања на законот за државни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.81/2005) вработените на Дирекцијата добија статус на државни службенци со што се создадоа услови за реализирање на првото вработување.

На 06.12.2005 година на предлог на Владата на РМ, Собранието на Република Македонија именуваше заменик на директорот на Дирекцијата.

Дирекцијата ја заврши 2005 година со два функционера и еден државен службеник.

4.2 Буџет на Дирекцијата

Финансиските средства за работа на Дирекцијата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Со Ребалансот на Буџетот за 2005 година, за работа на Дирекцијата, беа издвоени средства во износ од 1.915.000,00 денари.

Фактот дека станува збор за нов државен орган, кој за прв пат се конституира во Република Македонија, логично го наметнува заклучокот дека се неопходни буџетски средства за сместување на Дирекцијата во соодветен деловен простор, за набавка на канцелариски мебел и опрема, како и техничка опрема во функција на непречено остварување на нејзините законски надлежности. Скромниот буџет кој беше издвоен за почеток на работата на Дирекцијата, единствено беше доволен за да се набави потрошен канцелариски материјал и телефонска опрема и редовно да се намируваат тековните трошоци.

Во текот на 2006 година треба да се решат прашањата за создавање услови за успешно функционирање на Дирекцијата, и тоа: сместување во соодветен деловен простор за 30 вработени лица, набавка на канцелариски мебел и опрема, обезбедување на службено возило, техничко опремување на Дирекцијата, како и вработување на неопходниот стручен кадар за непречено работење.

## 5. Главни планирани активности и приоритети за 2006 година

Во текот на 2006 година, Дирекцијата ќе продолжи со исполнување и реализација на законските обврски и сите потребни активности во функција на заштита на приватноста, како едно од основните слободи и права на човекот и

граѓанинот загарантирани со Уставот, што придонесува за јакнење на демократијата и забрзување на започнатитиот процес на зачленување на Република Македонија во Европската Унија.

Оттука, приоритетите во оваа година се насочени кон:

-подобрување на капацитетите на Дирекцијата, како основен предуслов за остварувањето на останатите зацртани цели во оваа година, што се однесуваат пред се на квантитет и квалитет на човечките ресурси и ефикасноста во извршување на обврските;

-техничко опремување на Дирекцијата со ИТ опрема преку Проектот „Информатичка опрема за Дирекцијата за заштита на личните податоци“ во износ од 50.000 евра;

-креирање на Веб-страната на Дирекцијата;

-запознавање на јавноста со основањето на Дирекцијата и нејзините надлежности, со посебен акцент на правото на приватност и заштита на личните податоци, преку Веб-страната и останатите печатени и електронски медиуми;

-објавување на општите принципи на обработка на личните податоци;

-давање стручна помош на контролорите при воспоставување на евиденции на збирките на лични податоци и при усогласување на подзаконските акти со Законот;

-давање мислење за подзаконските акти на контролорите и за законските текстови кои содржат одредби за заштита на личните податоци;

-вршење контрола и надзор над обработката на личните податоци од страна на контролорите;

-воспоставување на Централниот регистар во Дирекцијата и негово објавување на Веб-страната;

-започнување водење на евиденција за пренос на личните податоци во други држави;

-постапување по барања и претставки на физички лица за утврдување на повреда на правата за заштита на личните податоци загарантирани со Законот и

-други активности кои се во согласност со Законот.

Во рамките на планираните активности за 2006 година, посебен акцент е ставен на Проектот „Техничка поддршка на основањето на Дирекцијата за заштита на личните податоци и спроведување на принципите на заштита на податоците во Република Македонија“. Имплементацијата на Проектот со времетраење од 18 месеци, ќе започне во првата половина од 2006 година. Проектот е финансиран од Програмата CARDS 2004, а ќе се реализира преку Европската Агенција за реконструкција. Во рамките на овој Проект, вреден 850.000 евра, ќе се организираат обуки за вработените на Дирекцијата и за контролорите од јавниот и приватниот сектор. Вклучувањето на голем број контролори од јавниот и приватниот сектор во обуките, ќе овозможи побрза имплементација на Законот.

Кадровската екипираност на Дирекцијата е од примарно значење за успешната реализација на Проектот, за да се создаде неопходното ниво на абсорпционен капацитет на Дирекцијата за примање на знаењето од ангажираните странски експерти.

Имплементацијата на Законот, можно е да ја наметне потребата од доуредување и допрецизирање на одредени решенија, како последица на што,

Дирекцијата водејќи грижи за ажурирање и подобрување на содржината на оваа законска материја, би иницирала измени и дополнувања на постојниот текст на Законот.

Генерална оценка на директорот на Дирекцијата е дека во текот на своето шестмесечно постоење во 2005 година, Дирекцијата успеа да се организира и почне со работа како самостоен и независен државен орган, со минимални кадровски и други услови за работа и дека во текот на 2006 година ќе успее целосно да ги реализира планираните активности и да се вклопи во системот за поголема демократизација на Република Македонија, како предуслов за нејзино зачленување во Европската Унија.

Прилог:

ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА ДИРЕКЦИЈАТА
ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

